21995

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP

pres-kliping • press-clipping

(Osnovano 1952 godine)

NOVINSKA DOKUMENTACIJA

NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE

PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95.

Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-601-3783

Isečak iz lista / Newspaper cutting

СТУДЕНТСКИ ЗБОР
Скопје

13. I. 1975

# со палета кон вселената




Изложбата „Уметност на вселената", што деновиве имавме можност да ја видиме и во Скопје, е плод на идејата на Џемс Веб директор на НАСА, кој се обидел проектите на своите колеги да ги овековечи со тоа што ги повикал најпознатите сликарски имиња од својата земја на свој начин да го одбележат човековиот скок од лансираната рампа до вселенските пространства. Навидум, се работи за тематско ограничување, но таа аксиома е затоа пак многустрано интересна и привлечна.

Кога ќе се рече интересна, тоа значи дека крие можности за транспортирање на добар дел од онаа акумулираната имагинација на современиот човек, натрупувана со веке секојдневниот судир меѓу неговиот илјадити години постојан начин на битствување (гледан во неговите просторно — временски координати), и новиот, којшто се нуди, мами и е полн со . неизвесност. Но, од изложба која е организирана од културниот еташе на американската амбасада во Белград, не би можеле да го одбегнеме заклучокот дека иако барем во технички поглед се работи за одлични мајстори, кои меѓу другото и мошне разновидно одговориле на дадената тема — што сигурно е знак на нивната посебност, оригиналност, — тие не успеале да надминат инаку сосема приодна емоција, не успеале да го исполнат својот космотилитизам задоволувајќи се со своето чувство за национална гордост. А таквиот „патриотизам" се одразува неминовно и врз квалитетот на сите оние дела кои ја следат емоционалната линија, одземајќи им ја импресивноста и длабочината. Па така, се случува, се разбира со она нормално отстапување на модерниот човеков дух, во сликите за космичките истражувања на „Аполо" да пронајдеме идентичност со некогашните илустрации за пионерите на запад, дадени од талентот на Ваетови, на пример. Како илустративни дела од овој вид може да ги споменеме делото на Тон — „Полетавме", Вајт „Голем товар" и речиси сите дела на Николас Соловјов.

Во делата на Бонстел и Мек Кол, пак, се сретнуваме со одредена тежина и видливо голем вложен труд, кон кои мораме да исполиме распект. Тие носат доста експресивни визии во себе, но се само чекор понапред од стрипот за Флаш Гордон: би рекле многу едноставно податливи кон нашата фантазија. Акварелистите Пиц Мејерс и Купер, од технички аспект гледано, иако не носат богатство со својата содржинска ориентација тие делуваат свежо и навистина вешто успеваат една гордо исправена и спремна за старт ракета, да ја разобличат, разнижат можеби, но сигурно да ја положат на својот избор на бои. Така, Купер, чие име денес во САД и не се двои од епитетот „најдобар акварелист", успева да даде низа емоционални слики, преливи на бело и црно кои се одразуваат во водите на Канаварел и даваат облик на ракета стопена во силната светлина што ја опкружува. Мејерс, тој долгнавест облик го добива со сина и бела боја, навлекувајќи ги кон средината на хартијата, конструирајќи низа линии кои се сретнуваат во множество точки.

На оваа изложба најмногу што ѝ недостасува е композициската и метафизичка оштрина. Но за дополнувањето на таа празнина се погрижиле во своите творби „Метаморфоза" на Кремерс, „Месечина", хоризонт..." на Перлмутер, „Активирање" на Каваларо и секако графиката на Џемисон — „Првиот поглед". Сликата на Перлмутер е мозаичка во фактурата, давајќи визија за поделеноста на човековите дејствија и природата, — бујност на флората, монструозно лутање на човековата машинерија и мирното лице на Месечината. Едно грчевито движење на советот се сретнува во колористички несватливото плано, во делото на Кремерс, тука тоа движење е компарирано со стартот на еден атлетичар — зависност од тлото, воздигнување, трчање кон неизвесноста.

Љубомир КОСТОВСКИ

